This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ ЗА ПРАВОСУДСТВО

## КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“

## ДЕКЕМВРИ, 2024



**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организиран криминал и корупција

### „ТАРГЕТ-ТВРДИНА” КОК-11/23

На 10.12.2024 година на рочиштето беа дадени завршни зборови од страна на обвинетите и адвокатите.

На 17.12.2024 година на рочиштето беа дадени завршни зборови од страна на обвинетите и адвокатите.

### „СИНЏИР” КОК-61/22

Рочиштето на 11.12.2024 година се одложи поради отсуство на обвинети и бранители.

### „ТАЛИР“ КОК-3/19

Рочиштето на 19.12.2024 година се одложи поради отсуство на судијата.

### „НАРКО ГРУПА-ГРЧЕЦ“ КОК-117/24

На 06.12.2024 година, се одржа рочиште на кое се изведуваа материјални докази предложени од јавното обвинителство.

На 10.12.2024 година, се одржа рочиште на кое се изведуваа материјални докази предложени од јавното обвинителство.

На 24.12.2024 година рочиштет се одложи.

### „ФЕНИКС” КОК-12/24

На 11.12.2024 година, на рочиштето за главна расправа се испитуваше вешто лице.

На 30.12.2024 година, на рочиштето се продолжи со испитување на вештото лице.

### „27МИ АПРИЛ-ОРГАНИЗАТОРИ“ КОК-63/23

На 24.12.2024 година на рочиштето јавниот обвинител се произнесе по барањето за амнестија на обвинетите.

### „ТИТАНИК“ КОК-59/22

На 13.12.2024 година, на рочиштето за главна расправа се испитаа 5 сведоци предложени од страна на јавниот обвинител.

На 19.12.2024 година на рочиштето за главна расправа се читаа искази на сведоци кои претходно сведочеле на главната расправа.

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Останати судски предмети

### „УБИСТВОТО НА ВАЊА ЃОРЧЕВСКА И ПАНЧЕ ЖЕЖОВСКИ“ К-1339/24

На 16.12.2024 година на рочиштето се испитаа 2 сведоци.

На 20.12.2024 година, на рочиштето а главна расправа се изведуваа материјални докази предложени од јавното обвинителство.

### „КЛИНИКА ЖАН МИТРЕВ” К-349/23

На 16.12.2024 година на рочиштето за главна расправа оштетените се произнесоа за имотноправното побарување.

### „ПЕНДИКОВ“ К-54/23

На 04.12.2024 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази.

# СЕДНИЦИ НА СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ

На 02.12.2024 година, Судскиот совет ја одржа 507-та итна седница, на која претседателката Весна Дамева поднесе оставка од функцијата претседател на Судскиот совет.

На 17.12.2024 година, Судскиот совет ја одржа 508-та седница, на која меѓудругите точни на дневен ред, донесе одлука со која е констатиран престанок на мандатот на членовите на Судскиот совет, поточно за судија Лорета Георгиева и судија Мирсад Суроји, поради истек на мандатот за кои се избрани.

На 25.12.2024 година, Судскиот совет ја одржа 509-та седница, на која меѓудругите точки на дневниот ред донесе одлука за избор на судијата Беким Мехмеди за в.д претседател на Апелационен суд Гостивар и избор на в.д претседател на Основен суд Кратово, судијата Мирослав Георгиевски.

# СЕДНИЦИ НА СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РСМ

На 06.12.2024 година, Советот на јавните обвинители ја одржа 10-тата седница, на која меѓудругите точки на дневен ред, донесе одлука за избор на заменик член на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители, при што ја избра обвинителката Енѓелуше Кадриу Леши од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

На 20.12.2024 година, Советот на јавните обвинители ја одржа 11-тата седница, на која што седница беше разгледан Извештајот за работа на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. Предметниот извештај беше позитивно оценет и усвоен од страна на Советот на јавните обвинители.

На 25.12.2024 година, Советот на јавните обвинители ја одржа 12-тата седница, на која што седница беше донесена одлука за објавување на оглас за избор на јавен обвинител во Основно јавно обвинителство Берово.

# ОПШТИ СЕДНИЦИ НА ВРХОВНИОТ СУД НА РСМ

На 24.12.2024 година, Врховниот суд на РСМ одржа општа седница на која расправаше за три поднесени барања за заштита на законитоста.